Организација на жените на Општина Велес

ул: „Алексо Демниевски – Бауман“ бр.7, 1400 Велес
email: rksozmveles@yahoo.com

**До**
**ЈЗУ Здравствен дом Велес**

**Предмет: БАРАЊЕ за вклучување во иницијативата за подобрување на пристапот до здравствени услуги на населението од Општина Чашка**

Почитувани,

Организацијата на жените на Општина Велес како доброволна, самостојна невладина организација реализира низа програмски активности насочени кон подобрување на општествената положба, животните услови и задоволувањето на основните човекови права на жените од подрачјето на општините Велес, Чашка, Градско и Лозово.

Во соработка со Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС од Скопје и неколку граѓански организации од Вардарскиот регион ние го основавме медиумот на заедницата Локал Актив Вардар, на кој објавуваме истражувачки стории за теми и прашања на локално ниво што ги засегнуваат граѓаните од овој регион. Една од објавените стории се однесува на **пречките во пристапот до здравствени услуги со кои се соочуваат граѓаните во Општина Чашка.**

Се обраќаме до Вас, со барање да се вклучите во иницијативата на ОЖ Велес и Локал Актив Вардар за надминување на овој проблем, давајќи ги вашите стручни препораки и предлози до Министерство за здравство за олеснување или мотивација за отварање рурални амбуланти.

Со истражувањето спроведено за потребите на објавената сторија, беа предложени неколку мерки за постепено решавање на овој проблем, и тоа:

- Промена на законската регулатива со цел да се стимулираат матичните доктори да отвараат ординации во руралните средини;
- Измени во Правилникот за матични лекари (според кој еден матичен лекар треба да има 500 пациенти, што е особено проблем во населените места со помал број жители);
- Измени во Правилниците на Фондот за здравствено осигурување, за работа во рурални средини со цел да се олесни пристапот до здравствени услуги во Општина Чашка и во другите рурални општини;
- Промена на регулативата со цел да се поттикне интересот на лекарите за работа во руралните населени места.

Искрено се надеваме дека ќе се вклучите во иницијативата за решавање на ова прашање и ќе се заложите кај Министерството за здравство да се изнајде решение за надминување на овој горлив проблем со обезбедување здравствени услуги во руралните средини.

Со почит,
Мирјана Трајкова (телефон 070 645 318)